MACEDONIAN SPORT CLIMBING FEDERATION

*КОМИСИЈА ЗА НАТПРЕВАРИ*

# Правилник

## За рангирање на спортски качувач на природна карпа

**Член 1**

Ранг листата ја донесува и објавува МСКФ и тоа четири пати годишно. Листата мора да се верификува во Федерацијата.

**Член 2**

На барање од клуб или еден качувач од првите 5 пласирани на ранг листата, МСКФ е должна да ја објави ранг листата најкасно 10 дена по доставеното барање.

**Член 3**

Клубовите и поединците се должни навремено да ја известат МСКФ за новоискачените насоки. Во случај да не се достави матерјал и информации, на качувачот му се зема последниот објавен резултат.

**Член 4**

Во МСКФ се формира трочлена комисија за составување ранг листа.

**Член 5**

Во случај качувачот да пријави неточни резултати, МСКФ го исклучува од рангирање таа година.

**Член 6**

Ранг листата ги преставува најдобрите резултати на спортските качувачи, односно резултатите од натпреварите и од искачените насоки на природна карпа кои качувачите ги оствариле во текот на целата година.

**Член 7**

За ранг листата се земаат во предвид 15-те најдобри искачени насоки, плус 5 насоки искачени на поглед.

**Член 8**

Ако насоката се наоѓа на подрачјето на Република Македонија, за да таа се земе во предвид, мора да биде регистрирана при МСКФ. Насоките искачени во странство мора да бидат впишани во спортско качувачки водич.

**Член 9**

Ранг листата за искачени насоки на поглед се бодува според скалата: 6 b, 6b+, 6c, 6c+, 7a, 7a+, 7b, 7b+, 7c, 7c+, 8a, 8a+, 8b, 8b+, 8c, 8c+, 9a, 44 48 60 66 72 81 99 108 122 136 150 164 185 207 230 254 279 Член 10 Ранг листата за натпреварите во спортско качување дисциплина во водство, Брзински и Болдер се рангираат само до 15 место.

24. 11. 2010, Скопје